Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги

# МЕТОДОЛОГИЈА

## за вршење програмски надзор (мониторинг)

(Пречистен текст)



Врз основа на член 18 став 1 алинеја 13 и член 20 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 77/21), а во согласност со член 15 став 1 алинеја 12 и член 39 став 1 алинеја 5 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) арх.бр.01-3732/1 од 29.07.2019 година, се изготви Пречистен текст на Методологијата за вршење програмски надзор (Мониторинг).

Пречистениот текст на Методологијата за вршење програмски надзор (Мониторинг), ги опфаќа: Методологијата за вршење програмски надзор (Мониторинг) арх.бр.01-3905/1 од 23.07.2014 година и Методологијата арх.бр.01-3585/1 од 29.09.2022 година за изменување и дополнување на Методологијата за вршење програмски надзор (мониторинг) арх.бр.01-3905/1 од 23.07.2014 година.

# МЕТОДОЛОГИЈА
# ЗА ВРШЕЊЕ ПРОГРАМСКИ НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)

(Пречистен текст)

Целта на Методологијата за вршење програмски надзор е да објасни на кој начин ќе се врши надзорот над програмските обврски на радиодифузерите, давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, како и на програмските пакети што ги реемитуваат операторите на јавни електронски комуникациски мрежи од аспект на почитувањето на одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, дозволите за емитување програма, издадените потврди за регистрација на програмските пакети, подзаконските акти и другите акти донесени од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Според член 27 од Законот програмскиот надзор може да биде редовен, вонреден и контролен. Редовниот надзор се прави според Годишниот план за програмски надзор што на предлог од директорот на Агенцијата го усвојува Советот на Агенцијата. Вонредниот надзор се врши по службена должност на Агенцијата или врз основа на иницијатива поднесена од државни органи, правни или физички лица. Контролниот надзор се врши по истекот на рокот утврден во решението за изречена мерка – опомена, за да се провери како постапил давателот на аудио или аудиовизуелна медиумска услуга или операторот – во целост ја отстранил повредата, делумно или воопшто не постапил по изречената мерка, односно не ја отстранил повредата.

## ПРОГРАМСКИ НАДЗОР НА РАДИОДИФУЗЕРИ

Предмет на програмски надзор се радио и телевизиските програмски сервиси на Јавниот радиодифузен сервис (МРТ), трговските радиодифузни друштва со радио и телевизиски програмски сервиси на локално, регионално и државно ниво и непрофитните радиодифузни установи основани за радио емитување.

Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги утврдува повеќе програмски обврски за радиодифузерите. Дел од нив важат за сите нив, дел се специфични за одредени видови радиодифузери. Програмските обврски според содржината можат да се групираат тематски, и тоа: обврски поврзани со стандардите за човековите права и начелата за емитување програма; за заштита на малолетната публика; обврски за поттикнување и заштита на културниот идентитет; настани со ексклузивни права на емитување и право на кратко известување; правила за емитување комерцијални комуникации (рекламирање, телешопинг, спонзорство и пласирање производи); програмски концепт за кој е издадена дозволата за емитување; и други програмски обврски. Во продолжение се обработени сите програмски обврски утврдени во Законот, групирани тематски.

### Стандарди за човековите права и начела за емитување програма

| | |
|---|---|
| **Член/ови од Законот** | **Член 48 -** Обезбедување дека медиумските услуги нема да содржат програми со кои се загрозува националната безбедност и уставниот поредок и со кои се поттикнува или шири дискриминација, нетрпеливост или омраза врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус, или која било друга основа. |
| **На кого се однесува** | Сите радиодифузери |
| **Како се прави надзорот** | Почитувањето на член 48 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги може да биде предмет само на вонреден надзор кој се врши по службена должност на Агенцијата или врз основа на иницијатива поднесена од државни органи, правни или физички лица. Доколку надзорот се однесува на делот од член 48 со кој се забранува поттикнување или ширење дискриминација, нетрпеливост или омраза, при надзорот се следат насоките од Водичот за мониторинг на „говорот на омраза" на АВМУ. Со оглед на фактот дека во член 147 е пропишана глоба за радиодифузерите и за одговорните лица за програмата во радиодифузерите, во случај кога ќе се констатира прекршување на овој член, се преземаат мерките предвидени со член 23 од ЗААВМУ.<br><br>Надзорот се прави со техниката анализа на содржина и со дискурзивна анализа, односно анализа на употребените зборови и синтагми и контекстот во кој тие се употребени. При анализата дали емитуваната содржина поттикнува омраза или нетрпеливост врз основа на раса, боја на кожа, потекло, национална или етничка припадност, пол, род, сексуална ориентација, родов идентитет, припадност на маргинализирана група, јазик, државјанство, социјално потекло, образование, религија или верско уверување, политичко уверување, друго уверување, попреченост, возраст, семејна или брачна состојба, имотен статус, здравствена состојба, лично својство и општествен статус, или која било друга основа, се следат стандардите на Европскиот суд за човекови права. |

| | |
|---|---|
| **Член/ови од Законот** | **Член 61 -** Начела за емитување програма |
| **На кого се однесува** | Сите радиодифузери |
| **Како се прави надзорот** | Почитувањето на член 61 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги може да биде предмет само на вонреден надзор кој се врши по службена должност на Агенцијата или врз основа на иницијатива поднесена од државни органи, правни или физички лица. Овој член потсетува на професионалните стандарди на новинарската професија, односно ги набројува начелата по кои треба да се раководат радиодифузерите при емитувањето на |

| | |
|---|---|
| | својата програма. Се претпоставува дека радиодифузерите ги применуваат овие начела во своето секојдневно работење. Во Законот не постои казнена одредба за повреда на член 61, оттаму Агенцијата не може да изрекува мерки за повреда на стандардите за емитување програма.<br><br>Доколку со мониторингот на содржината или програмата на која се бара надзор се констатира прекршување на начелата утврдени во овој член или пак, постои сомневање за тоа, предметот се препраќа на други надлежни институции (На пример, за прашањата на дискриминација по некој основ во Комисијата за заштита од дискриминација; во однос на правото на приватност, во Комисијата за заштита на личните податоци; итн.). Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги може и писмено да му укаже на радиодифузерот дека со одредена своја содржина не ги почитувал начелата за емитување програма. Надзорот се прави со техниката анализа на содржина и дискурзивна анализа, односно анализа на употребените зборови и синтагми и контекстот во кој тие се употребени. |

| **Член/ови од Законот** | **Член 110 -** Обврски на МРТ во однос на програмите и програмските сервиси кои ги емитува |
|---|---|
| **На кого се однесува** | Радио и телевизиски програмски сервиси на МРТ |
| **Како се прави надзорот** | Член 110 од Законот ги дефинира сите обврски на Јавниот радиодифузен сервис при креирањето на програмите и уредувањето на програмските сервиси. Почитувањето на овој член од Законот не може да биде предмет на надзор на Агенцијата. Надлежност да се грижи за заштита на интересите на јавноста во поглед на содржините што ги создава и емитува Јавниот радиодифузен сервис има Програмскиот совет на МРТ. Агенцијата доколку со други свои анализи констатира дека МРТ не остварува некоја од своите програмски обврски утврдени во овој член, може за тоа писмено да го извести Програмскиот совет на МРТ или Собранието на Република Македонија. |

| **Член/ови од Законот** | **Член 111 -** Стандарди и начела за Јавниот радиодифузен сервис |
|---|---|
| **На кого се однесува** | Радио и телевизиски програмски сервиси на МРТ |
| **Како се прави надзорот** | Член 111 од Законот утврдува дополнителни стандарди (освен оние во член 61 од Законот) што треба да ги почитуваат новинарите, уредниците и сите вработени во Јавниот радиодифузен сервис вклучени во производство и продукција на програми. Почитувањето на овој член од Законот не може да биде предмет на надзор на Агенцијата. Надлежност да се грижи за заштита на интересите на јавноста во поглед на содржините што ги создава и емитува Јавниот радиодифузен сервис има Програмскиот совет на МРТ. Агенцијата доколку со други свои анализи констатира дека МРТ не ги почитува начелата утврдени во овој член, може за тоа писмено да го извести Програмскиот совет на МРТ или Собранието на Република Македонија. |

**Заштита на малолетните лица**

| Член/ови од Законот | **Член 50 -** Обезбедување дека медиумските услуги нема да содржат програми кои можат сериозно да му наштетат на физичкиот, психичкиот или моралниот развој на малолетните лица, особено програми со порнографија и непотребно насилство и почитување на техничките мерки пропишани од Агенцијата за заштита на малолетните лица |
|---|---|
| **На кого се однесува** | Телевизиски програмски сервиси |
| **Како се прави надзорот** | Надзорот на член 50 од Законот во делот што се однесува на радиодифузерите се состои од две целини. Првата целина е надзор над почитувањето на обврската давателите на аудиовизуелни медиумски услуги да не емитуваат содржини кои можат сериозно да го загрозат физичкиот, психичкиот или моралниот развој на малолетните лица, какви што се порнографија или непотребно насилство. Втората целина е надзор над почитувањето на правилата за емитување на програмите чие емитување не е забрането, а кои сепак имаат потенцијал да нанесат штета во развојат на малолетниците. Деталите за тоа што се опфаќаат овие правила се утврдени во посебен Правилник.<br><br>Мониторингот на почитувањето на член 50 се прави со анализа на содржина на вкупно емитуваната програма на еден радиодифузер во најмалку едно деноноќие (24 часа). Анализата треба да покаже дали: програмата на радиодифузерот има содржини чие емитување е забрането; програмата што има потенцијал да нанесе штета на малолетниците се емитува во соодветни периоди од деноноќието врз основа на очекуваниот состав на публиката; се аплицираат акустичните и визуелните знаци за заштита на малолетниците; програмите и промотивните најави за програмите соодветно се означуваат; итн. |

**Поттикнување и заштита на културниот идентитет**

| Член/ови од Законот | **Член 64 -** Правила за употреба на јазикот |
|---|---|
| **На кого се однесува** | Сите радиодифузери |
| **Како се прави надзорот** | Надзорот на член 64 од Законот во делот што се однесува на радиодифузерите генерално треба да провери три прашања: (1) дали радиодифузерите ја емитуваат програмата на македонски јазик и кирилско писмо или ако програмскиот сервис е наменет за етничка заедница која не е во мнозинство на јазикот и писмото на таа заедница; (2) дали програмите на странски јазици или деловите од нив што се емитуваат на програмите на радиодифузерите се преведуваат на македонски јазик, односно на јазикот на етничката заедница; и (3) дали странските програми или нивните делови за кои не постои обврска да се преведуваат, соодветно се најавуваат.<br><br>Мониторингот на почитувањето на член 64 се прави со анализа на содржина на вкупно емитуваната програма на еден радиодифузер во најмалку едно деноноќие (24 часа). |

| Член/ови од Законот | Член 91 - Емитување европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти |
|---|---|
| На кого се однесува | Телевизиски програмски сервиси на државно ниво |
| Како се прави надзорот | Обврската за емитување европски аудиовизуелни дела е годишна обврска на комерцијалните телевизии на државно ниво и на најмалку еден телевизиски програмски сервис на МРТ и оттаму нејзиното почитување не може да се проверува преку видовите надзор утврдени во Законот.<br><br>Надзорот се врши со анализа на документи, односно со анализа на евиденцијата за емитуваните аудиовизуелни дела во текот на годината што ја водат самите радиодифузери. Треба да се провери вкупно емитуваната програма според критериумите за тоа што се европски аудиовизуелни дела утврдени во дефиницијата во член 3 од Законот. Откако ќе се провери дали емитуваните аудиовиуелни дела се соодветно класифицирани се проверуваат другите детали утврдени во посебен подзаконски акт и на крајот се проверува пресметката на процентот, најмалку 51% кај комерцијалните телевизии и најмалку 60% кај МРТ од вкупно емитуваната програма во текот на годината.<br><br>Податоците за емитување европски аудиовизуелни дела и дела од независни продуценти телевизиите ги доставуваат еднаш годишно, најдоцна до 31 март во тековната година, а се однесуваат на претходната година, во рамки на посебен писмен извештај што се пополнува на образец утврден од Советот на Агенцијата.<br><br>Вториот дел од обврската утврдена во член 91, емитување европски аудиовизуелни дела од независни продуценти се состои од два сегмента: (1) најмалку 10% од годишниот буџет наменет за програма да се издвои за емитување европски аудиовизуелни дела од независни продуценти; и (2) најмалку половина од овие програми да бидат произведени во последните 5 години. Првиот сегмент се проверува со анализа на економските податоци што ги доставуваат радиодифузерите еднаш годишно. Вториот пак, се проверува со анализа на евиденцијата за емитуваните европски аудиовизуелни дела од независни продуценти што ја водат радиодифузерите. За сите овие дела е неопходно да се регистрира и годината на нивно производство за да се пресмета дали половина од делата се произведени во последните 5 години.<br><br>Почитувањето на обврската за емитување европски аудиовизуелни дела и вакви дела од независни продуценти од страна на телевизиските програмски сервиси на државно ниво може да се провери и со мониторинг реализиран од истражувачка Агенција, било на примерок од годишната програма на телевизиите на државно ниво (само за првиот дел од обврската), било со мониторинг на вкупно емитуваната програма. |

| | |
|---|---|
| **Член/ови од Законот** | **Член 92 ставови 1, 2 и 3 –** Обврски за емитување македонски аудио или аудиовизуелни дела |
| **На кого се однесува** | Телевизиски програмски сервиси (освен од специјализиран формат) |
| **Како се прави надзорот** | Обврска да емитуваат програма изворно создадена како македонски аудио или аудиовизуелни дела на македонски јазик или на јазиците на немнозинските заедници (доколку програмскиот сервис е наменет за етничка заедница) имаат само телевизиските програмски сервиси, освен оние од специјализиран формат. Обврската на трговските радиодифузни друштва изнесува 30% дневно (од кои најмалку половина треба да бидат емитувани во периодот од 7 до 19 часот), а за Јавниот радиодифузен сервис (ЈРС) – 40% дневно. Деталите за начинот на остварување на обврските се уредени во подзаконски акт.<br><br>Надзорот се врши со анализа на вкупно емитуваната програма во текот на кое било денонокие, кое се определува по случаен избор. Сите содржини се евидентираат во посебна апликација за внос и обработка на податоци.<br><br>За да се провери дали половина од македонските аудиовизуелни дела во текот на анализираното денонокие се емитувале во периодот од 7 до 19 часот, неопходно е за секоја од содржините да се регистрира и точниот период на нејзино започнување и завршување. |

| | |
|---|---|
| **Член/ови од Законот** | **Член 92 став 4 – Обврска на радио програмските сервиси на ЈРС за емитување домашна музика** |
| **На кого се однесува** | Радио програмски сервиси на ЈРС |
| **Како се прави надзорот** | Јавниот радиодифузен сервис е обврзан на најмалку еден радио програмски сервис на македонски јазик и на радио програмскиот сервис на јазиците на етничките заедници кои не се во мнозинство во Република Северна Македонија, дневно да обезбеди најмалку 50% од емитуваната инструментална, вокална и/или вокално-инструментална музика изворно создадена во државата да биде на македонски јазик или на јазикот на етничките заедници кси не се мнозинство, а на вториот радио програмски сервис на македонски јазик дневно да обезбеди најмалку 30% од емитуваната музика изворно создадена во Република Северна Македонија да биде на македонски јазик.<br><br>Деталите за начинот на остварување на обврската се уредени во подзаконски акт.<br><br>Надзорот се врши со евидентирање на вкупно емитуваната музика во текот на кое било денонокие, кое се определува по случаен избор. Податоците се внесуваат во посебна апликација за внос и обработка на податоци, а потоа се анализираат. |

| Член/ови од Законот | **Член 80 ставови 7, 8 и 9 – Доброволно пријавување на ТРД кои емитуваат програма на радио за емитување домашна музика** |
|---|---|
| **На кого се однесува** | ТРД кои емитуваат програма на радио |
| **Како се прави надзорот** | Трговските радиодифузни друштва (ТРД) кои емитуваат програма на радио и кои што на почетокот на календарската година доброволно ќе пријават во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги процент на емитување на музика на македонски јазик и етничките заедници, за истиот процент добиваат намалување на висината на надоместокот за дозволата. Минималното намалување на надоместокот по овој основ може да биде 10%, а максималното намалување до 30%.<br><br>Деталите за времето на емитување и за жанрот на музиката се утврдени во подзаконски акт.<br><br>Надзорот се врши со евидентирање на вкупно емитуваната музика во текот на кое било денонокие, кое се определува по случаен избор. Податоците се внесуваат во посебна апликација за внос и обработка на податоци, а потоа се анализираат. |

| Член/ови од Законот | **Член 49 –** Обврски за емитување кинематографски дела |
|---|---|
| **На кого се однесува** | Телевизиски програмски сервиси |
| **Како се прави надзорот** | Телевизиските програмски сервиси не смеат да емитуваат кинематографски дела надвор од периодите утврдени во договорите со имателите на права. Почитувањето на оваа обврска најчесто е предмет на вонреден надзор. Имено, ако со редовниот надзор се појави сомневање дека радиодифузерот не ги почитува периодите за емитување кинематографски дела, од него се бара да ги достави договорите за емитување склучени со имателите на права за тие дела. Откако ќе ги достави договорите, се прави анализа на податоците кои по можност се проверуваат и со имателите на правата. Доколку се констатира прекршок на одредбата се подготвува извештај со предлог мерка во согласност со Законот. |

**Правила за емитување комерцијални комуникации**

| Член/ови од Законот | **Член 53 –** Општи правила за емитување аудио и аудиовизуелни комерцијални комуникации |
|---|---|
| **На кого се однесува** | Сите радиодифузери (освен непрофитни радија) |
| **Како се прави надзорот** | Член 53 од Законот утврдува повеќе обврски за радиодифузерите во поглед на емитувањето аудио и аудиовизуелни комерцијални комуникации. Поимот комерцијални комуникации вклучува правила за емитување рекламирање, телешопинг, спонзорство и пласирање производи. Дел од овие форми не може да се емитуваат на одредени групи радиодифузери. |

| | |
|---|---|
| | Одредбата пропишува забрана за: прикриени аудио и аудиовизуелни комерцијални комуникации; користење потсвесни техники; за комерцијални комуникации кои не го почитуваат човековото достоинство, промовираат дискриминација или пак поттикнуваат однесување штетно за здравјето и безбедноста; за лажно претставување на карактеристиките и квалитетот на производите, услугите или комерцијалните дејности; комерцијални комуникации за дрога, цигари или други производи од тутун, алкохолни пијалаци (освен за вино и пиво), за оружје, стрелачки и пиротехнички средства и фирми кои нив ги продаваат; медицински производи и третмани достапни само на лекарски рецепт; комерцијални комуникации кај Јавниот радиодифузен сервис за политички партии, коалиции и нивни претставници, независни кандидати и носители на политички функции; како и за комерцијални комуникации кои можат да предизвикаат физичка или морална штета на малолетните лица.<br><br>Утврдува и општи правила за аудио и аудиовизуелните комерцијални комуникации: упатени на малолетните лица или во кои тие учествуваат; за комерцијалните комуникации во програмите за деца што се однесуваат на храна и пијалаци што содржат материи и супстанции со хранлив или физиолошки ефект; за вино и пиво; медицински производи и третмани што се издаваат без лекарски рецепт; како и правила во однос на одговорноста, јазикот на емитување и влијанието врз уредничката независност.<br><br>Надзорот за почитувањето на член 53 од Законот, генерално се прави со техниката анализа на содржина на емитуваните аудио или аудиовизуелни комерцијални комуникации во најмалку едно деноноќие, избрано случајно, од програмата на секој радиодифузер. Имајќи предвид колку детали утврдува оваа законска обврска, одредени сегменти од правилата може да бидат предмет на посебни специфични анализи за кои покрај анализа на содржина ќе се примени и дискурзивна анализа. |

| Член/ови од Законот | **Член 54 –** Спонзорство |
|---|---|
| **На кого се однесува** | Сите радиодифузери |
| **Како се прави надзорот** | Член 54 утврдува општи правила за спонзорираните аудио и аудиовизуелни програми, правила за тоа кои програми не смеат да се спонзорираат и за тоа кои физички или правни лица не можат да бидат спонзори. Деталите за примена на одредбата се уредени во подзаконскиот акт.<br><br>Надзорот за почитувањето на овој член се прави со техниката анализа на содржина на спонзорираните програми емитувани во најмалку едно деноноќие, избрано случајно, од програмата на секој радиодифузер. Се анализира и содржината на програмата за да се види дали спонзорот влијае на уредничката независност на радиодифузерот, дали програмата посебно промотивно ги препорачува производите и услугите од спонзорот и дали се почитуваат другите правила за спонзорство, како и самите спонзорски најави и ознаки за |

| | |
|---|---|
| | да се провери дали се почитуваат правилата за начинот на идентификување на спонзорите. |

| Член/ови од Законот | **Член 55 –** Пласирање производи |
|---|---|
| На кого се однесува | Сите радиодифузери (освен непрофитни радија) |
| Како се прави надзорот | Пласирањето производи подразбира вклучување или посочување на производ, услуга или заштитен знак во дејствието на некоја програма за паричен или друг вид надоместок. Употребата на оваа форма на комерцијална комуникација е генерално забранета со исклучок на неколку видови програми. Член 55 утврдува правила за тоа како треба да се користи и кои производи и услуги не смеат да се пласираат во програмите. Деталите за спроведување на правилата се уредени во подзаконскиот акт. Одредбата се применува само на програмите што се произведени или ќе се произведат по 3 јануари 2014 година (по стапувањето во сила на Законот).<br><br>Надзорот за почитувањето на овој член се прави со техниката анализа на содржина на програмите во кои се пласирани производи емитувани во најмалку едно денонoќие, избрано случајно, од програмата на секој радиодифузер. Се анализира и содржината на програмата за да се види дали правното или физичкото лице чии производи, услуги или заштитетн знак се пласирани во програмата влијае на уредничката независност на радиодифузерот и дали програмата посебно промотивно ги препорачува. |

| Член/ови од Законот | **Член 98 –** Одвојување на рекламирањето и телешопингот од програмите |
|---|---|
| На кого се однесува | Сите радиодифузери (освен непрофитни радија) |
| Како се прави надзорот | Член 98 од Законот пропишува обврска рекламирањето и телешопингот да се одвојат од другите делови на програмата (вообичаено со најавна и одјавна шпица). Дополнително утврдува дека радиодифузерите може да користат нови рекламни техники за кои правилата ќе се разработат во подзаконски акт.<br><br>Надзорот на обврската се прави со анализа на начинот на емитување на вкупното рекламирање и телешопинг во најмалку едно денонoќие, избрано случајно, од програмата на секој радиодифузер. |

| Член/ови од Законот | **Член 99 –** Начин на емитување на рекламирањето и телешопингот |
|---|---|
| На кого се однесува | Сите радиодифузери (освен непрофитни радија) |
| Како се прави надзорот | Член 99 од Законот пропишува правила за начинот на емитување на рекламирањето и телешопингот во програмите на радиодифузерите, за бројот на рекламни блокови дозволени во конкретни програми и утврдува забрани за рекламирање и телешопинг во одредени видови програми. |

| | |
|---|---|
| | Надзорот на обврската се прави со анализа на начинот на емитување на вкупното рекламирање и телешопинг во најмалку едно денонoќие, избрано случајно, од програмата на секој радиодифузер. |

| Член/ови од Законот | **Член 100 –** Времетраење на рекламирањето и телешопингот |
|---|---|
| **На кого се однесува** | Сите радиодифузери (освен непрофитни радија и ЈРС) |
| **Како се прави надзорот** | Членот 100 го пропишува дозволеното времетраење на рекламирањето и телешопинг спотовите на час емитувана програма кај комерцијалните медиуми и потенцира кои содржини не влегуваат во дозволените лимити за рекламирање.<br><br>Надзорот на обврските се прави со регистрирање на вкупното рекламирање и на сите телешопинг спотови во најмалку едно денонoќие, избрано случајно, од програмата на радиодифузерот. Потоа се прави анализа на статистичките податоци за обемот на рекламирањето и телешопингот на секој реален час од програмата на радиодифузерот. |

| Член/ови од Законот | **Член 101 –** Кој не смее да учествува во рекламирањето и телешопингот |
|---|---|
| **На кого се однесува** | Сите радиодифузери (освен непрофитни радија) |
| **Како се прави надзорот** | Член 101 од Законот утврдува забрана во рекламирање и телешопинг да учествуваат лица кои редовно презентираат вести и актуелно-информативни програми.<br><br>Надзорот се прави со анализа на рекламните или телешопинг спотовите за кои постои сомневање дека не се во согласност со барањата што ги наметнува член 101. |

**Програмски концепт за кој е издадена дозволата за емитување**

| Член/ови од Законот | **Член 67 став 6 -** Обезбедување неделно најмалку 80% од програмскиот концепт за кој е издадена дозволата за емитување |
|---|---|
| **На кого се однесува** | Сите радиодифузери (освен сервисите на Македонска радио-телевизија - МРТ) |
| **Како се прави надзорот** | Програмскиот концепт е составен дел на дозволата за телевизиско или радио емитување, што се доставува во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги во постапката за доделување на дозвола, а во него се утврдуваат форматот на програмскиот сервис на радиодифузерот и основните суштински насоки за неговото работење.<br>Радиодифузерот е должен во текот на една недела да спроведува најмалку 80% од програмскиот концепт за кој му е издадена дозволата.<br>Програмскиот концепт се состои од повеќе елементи поврзани со програмата на радиодифузерот. Како критериуми за надзор се земаат предвид елементите чие почитување може да се провери со неделна анализа на вкупно |

| | |
|---|---|
| | емитуваната програма, и тоа:<br>- форматот на програмскиот сервис,<br>- јазикот на емитување,<br>- застапеноста на сопствената програма на неделно ниво,<br>- застапеноста на македонски аудио или аудиовизуелни дела на дневно ниво; и<br>- за радиодифузерите што емитуваат програма на локално и на регионално ниво и застапеноста во текот на неделата на програми што ќе третираат настани, информации и други содржини од значење за подрачјето во кое се емитува програмскиот сервис.<br><br>Надзорот за почитувањето на обврската се врши преку анализа на содржината на вкупно емитуваната програма на радиодифузерот во текот на една седмица (од понеделник до недела) и споредба на наодите од анализата со програмскиот концепт од дозволата на радиодифузерот. Деталите се уредени во подзаконски акт. |

**Настани со ексклузивни права на емитување и право на кратко известување**

| **Член/ови од Законот** | **Член 87** - Емитување настани од големо значење |
|---|---|
| **На кого се однесува** | Радиодифузери на државно ниво |
| **Како се прави надзорот** | Надзорот на член 87 е вонреден и се однесува на обврската на оние радиодифузери (т.н. квалификувани радиодифузери) кои ги исполнуваат предусловите да емитуваат настани од Листата на настани од големо значење за јавноста на Република Македонија, која се утврдува согласно член 88, а се донесува согласно член 6, член 18 и член 20 од Законот.<br><br>Со анализа на содржината се утврдува дали се почитуваат правилата за емитување настани од големо значење на програмските сервиси на квалификуваните радиодифузери (согласно критериумите од Листата на настани од големо значење за јавноста на Република Македонија), односно дали ваков настан се емитува од радиодифузер кој не е квалификуван. Исто така, со оглед на фактот дека за ваквите настани квалификуваниот радиодифузер има ексклузивни права, со анализа на содржината се утврдува дали другите радиодифузери известуваат согласно правилата за кратко известување, на начинот на којшто се врши надзор врз член 89. |

| **Член/ови од Законот** | **Член 89** - Кратко известување од настани за кои постои висок интерес кај јавноста, а за кои ексклузивни права за емитување имаат други радиодифузери |
|---|---|
| **На кого се однесува** | Сите радиодифузери |
| **Како се прави надзорот** | Надзорот на член 89 е вонреден и се однесува на почитувањето на правилата за остварување на правото на кратко известување од настани за кои постои висок интерес кај јавноста во Република Македонија, и тоа како од страна на радиодифузерот кој има ексклузивни права за емитување (примарен радиодифузер), така и од страна на радиодифузерите кои немаат ексклузивни |

| | |
|---|---|
| | права за емитување (секундарни радиодифузери). Правилата за кратко известување, заедно со начинот на пристап до преносниот сигнал се разработени во подзаконски акт.<br><br>Мониторингот на остварувањето на правото на секундарните радиодифузери се врши со анализа на содржината на вестите и спортските магазини при што се утврдува дали тие ги почитуваат правилата за кратко известување.<br>Мониторингот кај примарните радиодифузери е административен (анализа на документи со коишто се докажува поседувањето ексклузивни права за емитување или на прашањето дали обезбедиле пристап до настанот на секундарните радиодифузери). |

**Други програмски обврски**

| | |
|---|---|
| **Член/ови од Законот** | **Член 52 -** Емитување квизови и други програми во кои се ветуваат награди |
| **На кого се однесува** | Сите радиодифузери |
| **Како се прави надзорот** | Почитувањето на член 52 може да биде предмет на редовен или на вонреден надзор. Правилата за емитувањето квизови и други програми во кои јавно се ветуваат награди и начините како тие да бидат објавени без недвосмисленост, се разработени во подзаконски акт.<br><br>Мониторинг на почитувањето на одредбите се прави со примена на техниката анализа на содржина врз најмалку едно издание на конкретен квиз или емисија во која јавно се ветуваат награди. Анализата треба да покаже дали радиодифузерот, на гледачите, односно на слушателите им ги соопштува правилата на емисијата на начините пропишани во подзаконскиот акт. |

| | |
|---|---|
| **Член/ови од Законот** | **Член 90 -** Минимално времетраење на дневното емитување |
| **На кого се однесува** | Сите радиодифузери |
| **Како се прави надзорот** | Со надзорот на член 90 од Законот се проверува дали радиодифузерите се придржуваат кон законски предвидениот минимум за дневната емитувана програма.<br><br>Со мониторингот се мери дали радиодифузерот во тек на 24 часа го емитува најмалку минималниот број часови програма, кој е различен во зависност од тоа дали има дозвола за државно, за регионално или за локално ниво. |

| | |
|---|---|
| **Член/ови од Законот** | **Член 93 ставови 1 и 3 -** Користење телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање во програмите |
| **На кого се однесува** | Сите радиодифузери (освен непрофитни радија) |
| **Како се прави надзорот** | Надзорот на член 93 ставови 1 и 3 се прави со цел да се утврди дали радиодифузерите, при користењето телефонски услуги со додадена вредност и телефонско гласање во своите емисии ги почитуваат забраните од Законот и правилата разработени во подзаконски акт на Агенцијата. |

| | |
|---|---|
| | Мониторингот се спроведува со анализа на содржината на конкретни програми во кои контактот со гледачите/слушателите се остварува преку телефонски услуги со додадена вредност, односно во кои тие учествуваат преку телефонско гласање. Анализата треба да покаже дали ваквите телефонски услуги се користат во вести, во информативна и образовна програма, во верски служби и проповеди и во програми за деца, што е експлицитно забрането со Законот, односно, дали во програмите во кои тоа е дозволено се почитуваат правилата што ги пропишала Агенцијата. |

| | |
|---|---|
| **Член/ови од Законот** | **Член 93 став 2** - Забрана за користење телефонски услуги со додадена вредност |
| **На кого се однесува** | Непрофитни радија |
| **Како се прави надзорот** | Непрофитните радиодифузни установи, во своите програми не смеат да користат телефонски услуги со додадена вредност. Надзорот на член 93 став 2 најчесто е вонреден, по претставка за конкретна емисија или во случаи кога со редовниот програмски надзор ќе се утврди прекршување на овој член.<br><br>Мониторингот се спроведува со анализа на содржината на конкретни програми за да се утврди дали во нив се користат телефонски услуги со додадена вредност. |

| | |
|---|---|
| **Член/ови од Законот** | **Член 94 став 1** – Игри на среќа организирани од субјекти со лиценца |
| **На кого се однесува** | Сите радиодифузери (освен непрофитни радија) |
| **Како се прави надзорот** | Радиодифузерите имаат обврска, доколку одлучат на своите програмски сервиси да емитуваат игри на среќа, тие да бидат организирани само од субјекти кои имаат соодветна лиценца. Надзор врз почитувањето на член 94 став 1 се врши вонредно, во случаи на претставки за поединечни емисии, или доколку при редовниот програмски надзор се појави сомневање дека е прекршена одредбата.<br><br>Мониторингот подразбира употреба на техниката анализа на документи за да се утврди дали организаторот на конкретна емисија за игра на среќа има лиценца од надлежен орган. |

| | |
|---|---|
| **Член/ови од Законот** | **Член 94 став 2** - Игри на среќа со обложување на спортски натпревари |
| **На кого се однесува** | Телевизиски и радио програмски сервиси на МРТ |
| **Како се прави надзорот** | Јавниот радиодифузен сервис има забрана да организира и да емитува игри на среќа со обложување на спортски натпревари, чие почитување се проверува преку вонреден надзор или доколку при редовниот програмски надзор се појави сомневање дека е прекршен член 94 став 2. |

| | |
|---|---|
| | При надзорот, со примена на анализа на содржина се утврдува дали на некој од телевизиските и радио сервисите на Македонската радиотелевизија се емитува емисија за игра на среќа со обложување на спортски натпревари. |

| **Член/ови од Законот** | **Член 95 -** Поврзување во единствен систем за емитување заедничка програма |
|---|---|
| **На кого се однесува** | Радиодифузери на локално ниво |
| **Како се прави надзорот** | Телевизиските и радио програмските сервиси на локално ниво имаат законска можност да емитуваат заедничка програма така што ќе бидат поврзани во единствен систем во времетраење од најмногу четири часа во текот на 24 часа. Ваквата заедничка програма треба да има посебен програмски концепт, свој одговорен уредник и за почетокот на нејзиното емитување треба да биде навреме известена Агенцијата. Надзорот на член 95 е вонреден, и може да биде програмски или административен во зависност од тоа на кој од четирите аспекти се однесува: на правилото за најмногу четиричасовно времетраење на заедничката програма, на тоа дали има посебен програмски концепт, дали има одговорен уредник и дали Агенцијата е претходно известена.<br><br>Мониторингот на ограничувањето на траењето се реализира со анализа на содржината на 24-часовната програма на радиодифузерите кои се поврзани во единствен систем, а потоа со споредба на наодите се утврдува колкаво е времетраењето на заедничката програма. Надзорот врз барањето за посебен програмски концепт, за именување посебен одговорен уредник и за претходно доставеното известување до Агенцијата е административен. |

## ПРОГРАМСКИ НАДЗОР НА ОПЕРАТОРИ НА ЈАВНИ ЕЛЕКТРОНСКИ КОМУНИКАЦИСКИ МРЕЖИ

| **Член/ови од Законот** | **Член 50 став 5 –** Заштита на малолетни лица |
|---|---|
| **Како се прави надзорот** | Според член 50 став 5 од Законот операторите може да реемитуваат програмски сервиси со порнографија само во кодиран облик, а забрането е реемитување на детска порнографија.<br><br>Надзорот се спроведува со анализа на реемитуваната содржина, при што се констатира дали програмските сервиси кои содржат порнографија се доставуваат до крајните корисници во кодирана форма, како и дали воопшто се реемитуваат содржини со детска порнографија. |

| **Член/ови од Законот** | **Член 64 став 2 -** Титлување на странски сервиси |
|---|---|
| **Како се прави надзорот** | Програмскиот надзор од аспект на член 64 став 2 од Законот се врши во однос на тоа дали операторите кои реемитуваат програмски сервиси ги почитуваат обврските за употреба на јазикот.<br><br>Врз основа на анализа на реемитуваната содржина, се констатира дали кога се реемитуваат титлувани програмски сервиси, титлувањето е на македонски |

| | |
|---|---|
| | јазик или на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Северна Македонија. |

| Член/ови од Законот | **Член 141** – Реемитување на програмски сервиси |
|---|---|
| **Како се прави надзорот** | Согласно член 141 од Законот, операторите се должни да ги регистрираат програмските севиси кои ќе ги реемитуваат како целина во вид на програмски пакет.<br><br>Надзорот се прави со идентификација на сервисите што ги реемитува операторот преку логото на телевизискиот канал, и тоа од снимката од неговиот излезен сигнал којшто се дистрибуира до системот за програмски надзор на Агенцијата или снимката од неговиот излезен сигнал во самите простории на операторот или негов претплатник. |

| Член/ови од Законот | **Член 143 ставови 1 и 3** – Обврски на операторите кои реемитуваат програмски сервиси |
|---|---|
| **Како се прави надзорот** | Согласно член 143 став 1 од Законот, операторите може да ги реемитуваат програмските сервиси на домашни радиодифузери само во сервисната зона за која радиодифузерите ја имаат добиено дозволата за обезбедување на телевизиско или радио емитување и врз основа на регулирани авторски права и сродни права.<br><br>Врз основа на ставот 3 од истиот член, оператор кој реемитува програмски сервиси треба да обезбеди програмскиот пакет задолжително и бесплатно да ги содржи програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис кои се финансираат од Буџетот на државата, освен оператор кој реемитува програмски сервиси преку дигитален терестријален мултиплекс.<br><br>Надзорот се прави со идентификација на сервисите што ги реемитува операторот, преку логото на телевизискиот канал, и тоа од снимката од неговиот излезен сигнал којшто се дистрибуира до системот за програмски надзор на Агенцијата или снимката од неговиот излезен сигнал во самите простории на операторот или кај негов претплатник. |

| Член/ови од Законот | **Член 144 ставови 1 и 3** – Дополнителни обврски на оператор кој реемитува програмски сервиси |
|---|---|
| **Како се прави надзорот** | Согласно член 144 став 1 од Законот, оператор кој реемитува програмски сервиси може да воспостави интерен телевизиски канал на кој ќе објавува само информации за функционирањето и услугите што истиот ги обезбедува. Обезбедувачот на програмскиот пакет е должен излезниот сигнал на интерниот телевизиски канал да го снима целосно и без прекин, а снимките да ги чува најмалку 30 дена по емитувањето. |

| | |
|---|---|
| | Врз основа на ставот 3 од истиот член, Операторите кои реемитуваат програмски сервиси или давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање се должни својот излезен сигнал со иста содржина на онаа што им е достапна на нивните претплатници, континуирано да го испорачуваат до локацијата за прибирање на сигнали лоцирана во секои од подрачјата на регионално ниво согласно членот 62 став (4) од овој закон, заради негова натамошна дистрибуција до системот за програмски надзор на Агенцијата во Скопје.<br><br>При надзорот на исполнување на обврските од ставот 1, со примена на анализа на содржината се утврдува дали операторот на интерниот канал објавува само информации за функционирањето и услугите што истиот ги обезбедува.<br><br>Надзорот на обврските од ставот 3 се прави со паралелна, временски усогласена анализа и идентификација помеѓу содржината што операторот ја дистрибуира преку системот за програмски надзор до Агенцијата и снимката од неговиот излезен сигнал во самите простории на операторот или негов претплатник. |

## ПРОГРАМСКИ НАДЗОР НА ДАВАТЕЛИ НА АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ ПО БАРАЊЕ

| **Член/ови од Законот** | **Член 49** - Обврски за кинематографски дела |
|---|---|
| **Како се прави надзорот** | Член 49 од Законот се однесува на обврската на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги да не објавуваат односно пренесуваат кинематографски дела надвор од периодот утврден во договорите со имателите на права.<br><br>Надзорот се врши врз основ на претходно доставен каталог на содржините од страна на давателот на аудиовизуелни медиумски услуги по барање, од кој по случаен избор се одбираат наслови за кои се упатува барање да се достават уредни договори за регулирани авторски права. |

| **Член/ови од Законот** | **Член 50** - Заштита на малолетни лица |
|---|---|
| **Како се прави надзорот** | Согласно член 50 од Законот, обврска на давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање е да ги означат содржините во каталогот со визуелните знаци за заштита на малолетната публика, да обезбедат технички можности за родителска контрола над гледањето на содржините во каталогот и да го ограничат пристапот до содржините што не се наменети за малолетни лица.<br><br>Надзорот се прави со проверка дали се обезбедени соодветни мерки за родителска контрола. |

| **Член/ови од Законот** | **Член 60** - Промоција на производство и пристап до европски дела |
|---|---|
| **Како се прави надзорот** | Давателите на аудиовизуелни медиумски услуги по барање имаат обврска да го промовираат производството и пристапот до европски аудиовизуелни дела. Промовирањето може да се однесува, меѓу другото, на: - финансиски придонес |

| | |
|---|---|
| | за производство и стекнување на права за европски дела или на - застапеност на европските дела во каталогот со програми.<br><br>Надзорот се прави со анализа на застапеноста и/или поставеноста на европските дела во каталогот со програми. |

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

(Член 6 од Методологијата арх.бр.01-3585/1 од 29.09.2022 година за изменување и дополнување на Методологијата за вршење програмски надзор (мониторинг) арх.бр.01-3905/1 од 23.07.2014 година)

Оваа Методологија за измена на Методологијата за вршење програмски надзор (мониторинг) бр.01-3905/1 од 23.07.2014 година, влегува во сила со денот на нејзиното донесување и ќе се објави на веб страната на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Бр.** 01-4164/1
08.11.2022 **година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**
**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**